

ЗАПИСНИК
Од шеснаесеттата седница на Советот на општина Бутел
одржана на 30.10.2026 година, со почеток во 09:00 часот

Скопје, октомври 2026 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр. 08 –

ЗАПИСНИК
Од шеснаесеттата седница на Советот на општина Бутел
одржана на 30.10.2026 година, со почеток во 09:00 часот

Шеснаесеттата седница на Советот на општина Бутел се одржа на 30.10.2026 година, во салата за седници во општина Бутел.

На седницата присуствуваа советниците: Никола Божиновски, Весна Додевска, Оливера Николовска, Цветко Рајевски, Јулијана Спировска, Стефан Трпковски, Никола Димитриески, Теодора Спасенцовска – Стојковска, Сашо Тодоров, Љинкест Љумани, Сенијат Нухи, Фатмир Исмаили, Арменд Мурсели, Бехар Реџепи, Усеин Рамадан, Аљбеса Раман, Џемаиљ Зенделовски, Симон Бешлиев и Дарко Димовски.

На седницата исто така присуствуваа и Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев, Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов, Раководителот на Одделението за нормативно правни работи, г. Дејан Врангаловски и преставничката од Одделението за човечки ресурси г-ѓа Марија Наќева.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство на членови и истиот може полноважно да одлучува.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски го стави на гласање Записникот од 15-та седница.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски отвори расправа по Записникот.
Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот го стави на гласање Записникот од 15-та седница.
Советниците со 19 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ истиот го усвоија.

За седницата беше предложен следниот дневен ред:

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог – Одлука за усвојување на периодични извештаи од третиот квартал за 2026 година.
2. Предлог – Одлука за давање согласност на Планот за вработување на општина Бутел за 2027 година.
3. Предлог – Одлука за давање на користење на недвижна ствар во сопственост на општина Бутел.
4. Предлог – Одлука за прифаќање на донација.

По првата точка од дневниот ред Предлог – Одлука за усвојување на периодични извештаи од третиот квартал за 2026 година, збор и беше даден на претседателката на комисијата за финансирање г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по точката.

Советничката истакна дека комисијата ја разгледа Предлог – Одлуката за усвојување на периодични извештаи од третиот квартал за 2026 година и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор му беше даден на Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде детално образложение по точката.

Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог – Одлуката за усвојување на периодични извештаи од третиот квартал за 2026 година.

Претседателот на Советот отвори расправа по првата точка.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и изјави дека би сакал да постави две прашања. Советникот праша на што се должи слабата наплата на неданочните приходи односно 38,8% и капиталните приходи односно 39,4%, кои се изворите од кои треба да стигнат средства, дали се тоа само унгарските кредити или има и други приходи. Исто така праша и која е причината поради која реализацијата на капиталните расходи е ниска и изнесува само 22,7%.

На прашањето на советникот детален одговор даде Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов.

За збор се пријави советникот г. Симон Бешлиев и изјави дека дел од тоа што тој сакал да го праша го потенцирал во прашањата советникот г. Дарко Димовски односно дека по девет мецеци има реализација на само една четвртина на капиталните расходи, исто така постави пршање во делот за образование, односно праша дали се смета за успешна реализација од 9,4% за капитални расходи по девет месеци работење, праша и кои училишни објекти, реконструкции и други инвестиции ќе бидат одложени и кога ќе бидат реализирани. Советникот побра одговор и поради која причина има педесет и три милиони ненамирени обврски.

На прашањето на советникот детало образложение даде Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање првата точка од дневниот ред.

Советниците со 17 гласа „ЗА“, 2 гласа „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја изгласаа првата точка од дневниот ред.

По втората точка од дневниот ред Предлог – Одлука за давање согласност на Планот за вработување на општина Бутел за 2027 година, , збор и беше даден на претседателката на комисијата за статут и прописи г-ѓа Весна Додевска да даде извештај по точката.

Советничката истакна дека комисијата ја разгледа Предлог – Одлуката за давање согласност на Планот за вработување на општина Бутел за 2027 година и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на преставничката од Одделението за човечки ресурси г-ѓа Марија Наќева да даде детално образложение по точката.

Преставничката од Одделението за човечки ресурси г-ѓа Марија Наќева даде детално образложение по Предлог – Одлуката за давање согласност на Планот за вработување на општина Бутел за 2027 година.

Претседателот на Советот отвори расправа по втората точка од дневниот ред.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и изјави дека слободните места за вработување биле истите и во 2025 година. Советникот побара објаснување што точно означува знакот со штиклирано, исто така праша поради која причина тие не се оствариле и дали слободните места за вработување ќе бидат вметнати во буџетот за 2027 година.

Преставничката од Одделението за човечки ресурси г-ѓа Марија Наќева одговори дека знакот со штиклирано во табелата означува дека општината има потреба од вработување исто така одговори дека средствата во буџетот се предвидуваат според тоа колку вработувања би се оствариле.

За збор се пријави и Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов и во врска за нови вработувања доколку би се оствариле, даде образложение од финансиски аспект.

За збор се пријави советникот г. Арменд Мурсели и изјави дека Планот за вработување секако ќе помине, но нагласи дека постои еден проблем, праша што ако не се реализираат овие вработување оваа година, што потоа. Исто така праша и што ако помие Планот за вработување а не биде запазена етничката припадност, нагласи и дека процентот на вработувањата на Албанци во општина Бутел е само 10%. Советникот праша и како можело за пет години мандат да биде вработен само еден Албанец а шеснаесет Македонци и од шеесет и четири вработени во општината само седум да се Албанци, нагласи и дека од единаесет раководни функции само еден е Албанец и поради тоа неможе да се зборува за етничка застапеност. Г. Арменд изјави дека несака да се прави поделба и се надева дека во планираните дваесет и седум вработувања нема да се работи така, исто така посочи да се земе пример од развиените земји, односно да се работи како во развиените земји. Апелираше да се работи за развој, со посветеност и етичка застапеност за сите.

Збор зема Претседателот на Советот г. Никола Божиновски и му посочи на советникот г. Арменд дека во развиените демократии единствен критериум за вработување е квалитетот а не етничката припадност и на прашањето од советникот во случај да не бидат вработени Албанци, Претседателот му постави прашање на советникот што ќе биде доколку бидат вработени дваесет и седум Албанци.

За збор се пријави Раководителот на сектрот за финансиски прашања г. Андреј Димов и изјави дека балансерот е укинат и условот за вработување повеќе не националната припадност и се произнесе дека и тој како и Претседателот смета дека

треба да избираат вработените по квалитете а не по национална припадност. Раководителот изјави дека треба да се прекине со поделбите, да работат заеднички како што се работи во неговиот сектор каде што не се гледа националната припадност. Апелираше да се вработат најдобрите кои ќе го положат административниот испит со највисока оценка.

За збор се пријави советникот г. Арменд Мурсели и му се обрати на г. Андреј, му посочи дека греши и всушност тие се тие кои ги прават поделбите, дека ноќе прават едни планови а дење постапуваат поинаку. Советникот како пример го наведе проблемот со преводот, поточно истакна дека тој не може слободно да го искаже неговото мислење, односно дека треба да прекинува и да го изгуби концептуалното мислење за преведувачот да може да преведе. Апелираше да се размисли за едно заедничко општество и нагласи дека не е возможно од 27 вработувања да не се вработи нитуеден или само еден Албанец, истакна дека во општина Бутел има квалитетни Албанци кои се способни за работа односно над 50%, апелираше да бидат согледани и други можности за вработување.

За збор се пријави Раководителот на секторт за финансиски прашања г. Андреј Димов и му се обрати на советникот г. Армнед Мурсели, му посочи дека се согласува со него дека има квалитетен кадар од Албанците.

Збор зема Претседателот на Советот г. Никола Божиновски и изјави дека се додека во нашата земја се зборува за националности а не се гледа квалитетот, смета дека ниту општината, ниту државата ќе тргне на добар пат. Нагласи дека единствен критериум при вработување треба да биде квалитетот и знаењето на еден човек а не националната припадност.

За збор се пријави советикот г. Љинкест Љумани и изјави: што се однесува на дваесет и седумте вработувања како што разбрал општината немала потреба од нив и праша која е потребата да се одвојува буџет ако во моментот истите не се потребни, изјави дека од владата споделиле дека повеќе нема да има лица со договор на дело, па предложи да се извади список колку лица во о. Бутел се на договор да се изгласа и да се обезбедат плати за нив да поминат со решение. Советникот исто така апелираше да се среди проблемот со преводот и да биде купена опрема за седниците да бидат пренесувани во живо, нагласи дека уште пред десет седници бил изгалсан буџет за тоа но се уште не е обезбедено, ако веќе не знаат како да ги потрошат средствата, нагласи да биде купена опремата за снимање на седниците за која веќе бил изгласан буџет. Советникот се произнесе дека според него на оваа седница не треба да бидат изгласани дваесет и седумте вработувања само фиктивно и потоа да висат во воздух, праша како функционирала општината до сега без тие вреботувања и дали во денешно време фалат дваесет и седум вработени во администрација.

За збор се пријави Претседателот на Советот и му се обрати на г. Љинкест, му посочи дека не се гласа буџет за вработување односно се гласа План за вработување и нагласи дека тоа се две различни работи. Нагласи и дека средствата што остануваат во буџетот не се случило да бидат вратени во Републичкиот буџет и секогаш содветно биле искористувани. Што се осдесува на системот за превод Претседателот изјави дека бидејќи истиот бил многу стар, било многу тешко да се најде фирма што ќе го поправи, но дека од наредната седница ќе биде веќе во функција, односно дека ќе има превод.

За збор се пријави советничката г-ѓа Јулијана Спировска и изјави дека Претседателот во главно го кажал тоа што сакала таа да го изнесе. Истакна дека на повеќето седници наназад наместо да се разговара за суштински работи по одредени теми, вниманието се насочувало на етникуми и национална загрозеност. Советничката изјави дека г. Андреј убаво образложил дека реализацијата на овие вработувања ќе зависи од финансиските можности на општината.

Претседателот изјави дека уште еднаш би сакал да напомене дека не се гласа буџет за новите дваесет и седум вработувања, односно се носи План за вработување за наредната година.

За збор се пријави советикот г. Љинкест Љумани и изјави дека планот кој што треба да се изгласа се провлекува како што изјавил советникот г. Дарко Димовски од 2025 година.

За збор се пријави г. Армен Мурсели и изјави дека со овој коментар би сакал да заврши и праша како да не се навлегува во етнички теми, кога се прави крајна дискриминација, како пример го наведе асфалтирањето на улица во с. Љуботен, каде што самите граѓани од сопствени средства ја асфалтирле улицата.

За збор се пријави советникот г. Симон Бешлиев и изјави дека планот за вработување има слободни шест слободни раководни позиции, праша поради која причина ниту еден од постојаните вреботени не е предвиден за унапредување.

На прашањето на советникот одговори преставничката од Одделението за човеки ресурси г-ѓа Марија Наќевска. Му посочи на советникот дека општината доколку има потреба може да направи измена на планот, но дека се зависи од потребата која ја има општината во моментот.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање втората точка.

Советниците со 13 гласови „ЗА“, 6 гласа „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја изгласаа втората точка од дневниот ред.

По третата точка од дневниот ред Предлог – Одлука за давање на користење на недвижна ствар во сопственост на општина Бутел, , збор и беше даден на претседателката на комисијата за статут и прописи г-ѓа Весна Додевска да даде извештај по точката.

Советничката истакна дека комисијата ја разгледа Предлог – Одлуката за давање на користење на недвижна ствар во сопственост на општина Бутел и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор му беше даден на Раководителот на Одделението за нормативно правни работи г. Дејан Врангаловски да даде детално образложение по точката.

Раководителот на Одделението за нормативно правни работи г. Дејан Врангаловски даде детално образложение по Предлог – Одлуката за давање на користење на недвижна ствар во сопственост на општина Бутел.

Претседателот на Советот отвори расправа по третата точка.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски изјави дека би сакал да сподели дека се работи за отстапување на простории за ординации кои моментално се во модуларната амбуланта наспроти општината, бидејќи ќе биде отпочнат проектот за изградба на Поликлиниката Бутел.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и изјави дека би сакал да сподели негово размислување. Истакна дека ако ЈЗУ „Здравствен Дом“ на аптеката Херба и на сите матични лекари им наплаќа одредени финансиски средства за користење на просториите со изгласувањето на оваа Одлука треба да се ослободат од плаќање на надомест, праша зошто средствата кои ги наплаќа ЈЗУ „Здравствен Дом“ на матичните лекари и аптеката, зошто да ги зема Здравствениот дом а не општина Бутел, сепак се работи за простории на општина Бутел. Исто така изјави дека ако Одлуката се изгласа на 30 Октомври а тие се веќе се почнати со работа, истакна дека смета дека најнспред треба да се изгласа Одлуката па потоа да отпочнат со работа.

За збор се пријави Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев и му посочи на советникот г. Дарко дека е разговарано со Директорот на ЈЗУ„Здравствен Дом“ и со Министерот и дека е донесена Одлука надоместокот што го плаќаат матичните лекари и аптеката кон ЈЗУ„Здравствен Дом“ да биде ставен во мирување, нагласи дека ниту ЈЗУ„Здравствен Дом“ ниту пак општина Бутел ќе земаат надомест. Исто така г. Горјан му посочи на советникот дека не е точно дека се почнати со работа, односно дека се во процес на селење и откако ќе биде изгласана Одлуката ќе се склучи договор во кој ќе бидат обврзани по завршување на користење на просториите да бидат вратени во иста состојба во која им биле предадени.

За збор се пријави советникот г. Симон Бешлиев и постави прашање за што конкретно ќе се користат просториите.

Претседателот на Советот му одговори на г. Симон дека ќе има три матични лекари, стоматолог и аптека, односно само тие што биле затекнати во мобилната амбуланта и кои што имаат склучен договор со ЈЗУ„Здравствен Дом“.

За збор се пријави советникот г. Симон Бешлиев и постави прашање дали ќе имаат посебен влез.

Претседателот на Советот му одговори на г. Симон дека ќе имаат посебен влез.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање третата точка.

Советниците со 19 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја изгласаа третата точка од дневниот ред.

- **По четвртата точка од дневниот ред Предлог – Одлука за прифаќање на донација,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за финансирање г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по точката.

Советничката истакна дека комисијата ја разгледа Предлог – Одлуката за прифаќање на донација и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор му беше даден на Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде детално образложение по точката.

Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог – Одлуката за прифаќање на донација.

Претседателот на Советот отвори расправа по четвртата точка.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави точката на гласање.

Советниците со 19 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „Воздржани“ ја усвоија четвртата точка од дневниот ред.

Бидејќи дневниот ред се исцрпи Претседателот на Советот констатираше дека шеснаесеттата седница на Советот на општина Бутел е завршена.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Никола Божиновски